Друштво за ревизија
ЈОАНИДИС ДООЕЛ
Бр. 0302-001/5
31.03 201 6 год.
СКОПЈЕ

JOANIDIS AUDIT COMPANY

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2015 година

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на РМ бр.158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015 и 23/2016), Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел Скопје, го објавува овој Извештај за транспарентност и истиот не може да се употребува за други цели.

Извештајот за Транспарентност ги содржи информациите во врска со:

- опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија
- опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
- опис на управувачката структура на друштвото за ревизија
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
- датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од Законот за ревизија
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година
- изјава за независно работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
- изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет во четири категории: услуги од ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги во уверување на квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

## I. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

### а) Основање и правна структура

- Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел Скопје е основано како друштво со ограничена одговорност од едно лице, на 29 Јули 2014 година, во Централниот Регистар на Република Македонија во Скопје, како резултат на промени во структурата на капиталот спроведени во друштво за ревизија Бејкер Тили Македонија ДОО Скопје.
- На 25 ноември 2014 година друштвото доби Лиценца за работа на друштво за ревизија под бр.07-400/1, со регистарски број на лиценца 27, издадена од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.
- Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел е заведено под регистарски број ДР031 во соодветниот Регистар при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

- На 3 февруари 2015 година Друштвото за ревизија Јоанидис стана независен член на **Baker Tilly International,** по успешно спроведен мониторинг на квалитетот на работата на основачот на Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел, Љубица Јоанидис, од страна на департманот за контрола на квалитет на **Бакер Тили Интенационал, Лондон, Велика Британија.**
- На 31 декември 2015 година, како и на денот на доставување на овој извештај, во Друштвото за ревизија Јоанидис вработени со полно работно време се двајца овластени ревизори и пет асистенти ревизори.

**б) Сопственост/Структура на капиталот на друштвото**

- Друштвото за ревизија Јоанидис е организирано како друштво со ограничена одговорност од едно лице, со основна главнина во износ од 5.000 Евра, во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за ревизија.
- Согласно член 24 од Законот за ревизија, сопственоста/структурата на капиталот на друштвото во 100% е на овластениот ревизор Љубица Јоанидис. Управител на друштвото за ревизија Јоанидис е основачот Љубица Јоанидис.
- Приоритетна дејност на друштвото, согласно Тековната состојба од Централниот Регистар на Република Македонија, е 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.
- Годишното осигурување од законска одговорност на ревизорски куќи за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при вршење на ревизорската професија, согласно Законот за ревизија вклучува осигурана сума од 24.600.000 мкд или 400.000 еур, за период од 01.10.2015 до 01.10.2016 година, преку полиса бр. полиса бр.13053000038914/0, издадена од Евроинс Осигурување АД Скопје.

## II. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ СТРУКТУРНИ АРАНЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА

- Во текот на месец февруари 2015 година, по потпишување на Договорот за пристапување, Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел, стана полноправна членка на меѓународната асоцијација на независни ревизорски, сметководствени и консултантски фирми Baker Tilly International од Лондон, Велика Британија.
- Baker Tilly International е рангирана на 9 место во скалата од топ 10 фирми во светот кои овозможуваат ревизорски, сметководствени и консалтинг услуги и има мрежа од 154 членки на мрежата, во 133 држави во светот, 27.000 вработени во 693 канцеларии и годишен комбиниран приход на ниво на мрежа за 2015 година од 3,6 билиони (US$). (www.bakertillyinternational.com).
- Основна дејност на Baker Tilly International е ревизија на поединечни и консолидирани финансиски извештаи, ревизија на проекти финансирани од различни донатори, due diligence извештаи, консалтинг услуги, даночни и сметководствени услуги, процена и услуги од аспект на усовршување на системот на интерно-сметководствени контроли.

## III. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

- Управувачката структура на Друштвото за ревизија Јоанидис е во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за ревизија, и истото е организирано како друштво со ограничена одговорност од едно лице, каде што со друштвото управува управител на друштвото.

## IV. ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА И ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОВОЈ СИСТЕМ

- Врз основа на барањата од Законот за ревизија, друштвото има усвоено Правилник за постапките на контрола на квалитетот на ревизиите, кој е подготвен врз основа на насоките за политиките на контролата на квалитет донесени од страна на Baker Tilly International од Лондон, како и врз основа на Меѓународните Стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и националното право.
- Правилникот за постапките на контрола на квалитетот на ревизиите е изготвен согласно барањата на:
  - МСКК 1 – Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 и
  - МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.
- МСКК 1 се однесува на одговорностите на друштвото да воспостави и одржи систем на контрола на квалитет во друштвото. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:
  - Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на друштвото
  - Релевантните етички барања
  - Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани
  - Човечките ресурси
  - Извршување на ангажманот и
  - Надгледување.
- Одговорниот за квалитетот на ревизиите, Управителот на друштвото со Изјава (Прилог бр.1) потврдува дека системот на контрола на квалитетот на друштвото функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.
- МСР 220 се однесува на одговорностите на друштвото да воспостави и одржи систем на контрола на квалитет на ревизорските ангажмани. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:
  - Лидерските одговорности за квалитетот на ревизиите
  - Релевантните етички барања
  - Прифаќање и одржување на односите со клиентот и ревизорскиот ангажман
  - Назначување на тим на ангажманот
  - Извршување на ангажманот
  - Надгледување и
  - Документација.

- Одговорен за квалитетот на работата на ревизорските тимови е овластениот ревизор - ревизорски менаџер, кој согласно барањата на Правилникот за постапките на контрола на квалитетот на ревизиите, изготвува посебна програма за контрола на квалитетот на работата на ревизорските тимови и го известува управителот на друштвото за спроведување на ревизорските оперативни програми.
- Врз основа на барањата на Законот за ревизија, Друштвото за ревизија Јоанидис, доследно се придржува кон усвоениот Правилник за постапки за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани, како на ниво на друштво, така и на ниво на поединечните ангажмани, со цел овозможување на поефикасно извршување на поставените задачи од страна на вработените.
- Правилникот за постапки за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани, вклучува релевантни етички барања, и тоа:
  - мерките кои се превземаат заради исполнување на етичките принципи (интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување),
  - мерките кои се превземаат заради обезбедување на доверливост и заштита на податоците, како и
  - политики кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на агажманите, од аспект на компетенции, способности и потребни ресурси и оценка на интегритетот на клиентите
  - политики и процедури кои се однесуваат на човечките ресураси од аспект на вработување, оценување и унапредување на вработените, назначување на одговорен и членови на ангажманот и евентуално користење на експерти и специјалисти на ангажманот
  - политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитетот, од аспект на користење на компјутерски ревизорски техники и алатки, лица кои се назначени да вршат внатрешна контрола на квалитет, навремено комплетирање, архивирање и чување на ревизорската документација

## V. ДАТУМ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ

- Согласно член 20 од Законот за ревизија, друштвата за ревизија подлежат на систем за контрола на квалитет, заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите на вршење на ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право.
- Проверка за уверување на квалитетот на ревизорот, дали истиот доследно се придржува кон усвоениот Правилник за постапки за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани, како на ниво на друштво, така и на ниво на поединечните ангажмани е извршена од страна на лице овластено за контрола на квалитет од Baker Tilly International од Лондон во месец ноември 2015, а контрола од страна на овластено лице за контрола на квалитет од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија не е извршено имајќи во предвид дека друштвото за ревизија Јоанидис лиценцата за работа од Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Македонија ја доби на 25 Ноември 2014 година.

## VI. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

- Друштвото за ревизија Јоанидис во текот на 2015 година има извршено законска ревизија на финансиските извештаи за 2014 година на следното друштво:

  - Апаве Сее Доо Скопје
  - Авон Козметикс Дооел Скопје
  - Еликсир Дооел Скопје
  - Кола Дооел Скопје
  - Комисија за хартии од вредност на Република Македонија
  - Оса Дооел Скопје
  - Пакомак Доо Скопје
  - Спиком Дооел Скопје
  - Струмица Експрес Доо Струмица
  - Тотал Плус Логистик Дооел Скопје

- Друштвото за ревизија Јоанидис во текот на 2015 година има извршено договорна ревизија на финансиските извештаи за 2014 година на следното друштво:

  - Еуро Булс Доо Скопје
  - Фриком Дооел
  - Кола Логистика Дооел Скопје
  - Сојуз на стопански комори на Македонија

## VII. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

- Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право, Друштвото за ревизија Јоанидис, ја има прифатено методологијата на интерни процедури од Baker Tilly International од Лондон, Велика Британија како своја, со цел овозможување на поквалитетно извршување на поставените задачи од страна на вработените.
- На секои две години професионални лица од службата за Контрола на квалитет од Baker Tilly International од Лондон, вршат контрола на усвоените и применетите интерни процедури за контрола на квалитет на ниво на друштвото.
- Друштвото за ревизија Јоанидис, преку својот законски застапник, управителот Љубица Јоанидис, потврдува дека усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите доследно ги применува (Прилог бр.2).

## VIII. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

- Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки друштвото има развиено политики на:
  - континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на РМ,
  - перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консултантски куќи од Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература, како и финансиска поддршка при доедукација во областа информатички технологии
  - присуство на семинари во организација на Baker Tilly International
  - консултации со посебен сектор за консултации на Baker Tilly International
  - консултации во рамките на друштвото, како и со надворешни соработници

- Друштвото за ревизија Јоанидис, преку својот законски застапник, управителот Љубица Јоанидис, потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите од година во година доследно ги применува и подобрува (Прилог бр.3)

## IX. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

- Список на услуги кои Друштвото ги нуди на пазарот:
  - Ревизија на финансиски извештаи
  - Ревизија на консолидирани финансиски извештаи
  - Дополнителни услуги за уверување во квалитет (МСАУ, МСДП)
  - Контролинг
  - Изработка на финансиски извештаи за консолидациски цели
  - Сметководство
  - Даночен и сметководствен консалтинг

| ВИД НА ПРИХОД за 2014 година | мкд | % |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 184.500 | 20% |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (СМРТ, МСАП, МСАУ, МСПУ) | / | / |
| Даночни советодавни услуги | 713.180 | 80% |
| Други неревизорски услуги | / | / |
| **ВКУПНО** | **897.680** | **100%** |
| **ВИД НА ПРИХОД за 2015 година** | **мкд** | **%** |
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 2.333.800 | 45% |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (СМРТ, МСАП, МСАУ, МСПУ) | 462.081 | 9% |
| Даночни советодавни услуги | 2.370.651 | 45% |
| Други неревизорски услуги | 37.912 | 1% |
| **ВКУПНО** | **5.204.444** | **100%** |

## X. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

- Врз основа на планот и програмата на поединечниот ревизорски ангажман, Друштвото за ревизија Јоанидис, го утврдува хонорарот на овластениот ревизор.
- Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува согласно Правилникот за постапки за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани како однос помеѓу договорената цена со клиентот, наведена во Писмото за ревизорско ангажирање и планираните саати за извршување на соодветниот ангажман.
- Хонорарот на овластениот ревизор освен надоместокот утврден врз основа на ангажирани саати во ревизијата, вклучува и дел од ангажираните саати на ревизорот при пружање на контролинг услуги и даночно-советодавни услуги на клиентите кои исклучиво се регулирани со посебни договори за советодавни услуги и/или други неревизорски услуги.
- Извештајот е објавен на web страната на Друштвото за ревизија Јоанидис (www.audit.joanidis.mk).

Скопје, 31.03.2016 година

Друштво за ревизија
**ЈОАНИДИС Дооел**
Љубица Јоанидис, управител

Друштво за ревизија ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје

JOANIDIS
AUDIT COMPANY

**ПРИЛОГ БР. 1**

Скопје, 31 Март 2016 година

Предмет: Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет согласно Законот за ревизија

Друштвото за ревизија Јоанидис, преку лицето овластено за застапување, управителот Љубица Јоанидис, изјавува дека системот на контрола на квалитет на друштвото функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Друштво за ревизија Јоанидис ДООЕЛ Скопје

Друштво за ревизија Јоанидис,
преку лицето овластено за застапување
Љубица Јоанидис

45-4 Kairska Street
1000 Skopje, Republic of Macedonia
audit@joanidis.mk
www.audit.joanidis.mk

An independent member of
BAKER TILLY
INTERNATIONAL

JOANIDIS AUDIT COMPANY

**ПРИЛОГ БР. 2**

Скопје, 31 Март 2016 година

Предмет: Изјава за независно работење на Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел Скопје согласно Законот за ревизија

Друштвото за ревизија Јоанидис, преку лицето овластено за застапување, управителот Љубица Јоанидис, потврдува дека постои систем на интерни контроли и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, истите се спроведени, доследно се применуваат и се во согласност со меѓународните и домашните стандарди за квалитет.

Друштво за ревизија Јоанидис ДООЕЛ Скопје

Друштво за ревизија Јоанидис,
преку лицето овластено за застапување
Љубица Јоанидис

45-4 Kairska Street
1000 Skopje, Republic of Macedonia
audit@joanidis.mk
www.audit.joanidis.mk

An independent member of
BAKER TILLY INTERNATIONAL

JOANIDIS
AUDIT COMPANY

**ПРИЛОГ БР. 3**

Скопје, 31 Март 2016 година

Предмет: Изјава за политиката што ја следи Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел Скопје за континуирано професионално усовршување согласно Законот за ревизија

Друштвото за ревизија Јоанидис, преку лицето овластено за застапување, управителот Љубица Јоанидис, изјавува дека применетиот систем на политики и процедури е во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот, и се остварува преку посетување на часови за континуирано професионално усовршување, како законска обврска на овластените ревизори и нивна презентација на останатите вработени во друштвото, со што се обезбедува зголемување на квалитетот на извршените ревизии и во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет.

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки друштвото има развиено политики на:

- континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на РМ;
- перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консултантски куќи од Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература, како и финансиска поддршка при доедукација во областа информатички технологии;
- присуство на семинари во организација на Baker Tilly International;
- консултации со посебен сектор за консултации на Baker Tilly International;
- консултации во рамките на друштвото, како и со надворешни соработници.

Друштво за ревизија Јоанидис
Дооел Скопје
ЈОАНИДИС

____________________

Друштво за ревизија Јоанидис,
преку лицето овластено за застапување
Љубица Јоанидис

45-4 Kairska Street
1000 Skopje, Republic of Macedonia
audit@joanidis.mk
www.audit.joanidis.mk

An independent member of
BAKER TILLY
INTERNATIONAL